SGP The GEF Small Grants Programme
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

gef

UNDP
Empowered lives.
Resilient nations.

COMMUNITY ACTION GLOBAL IMPACT

# Совети при подготвување на ГЕФ ПМГ проект

Мај 2019

# Проект...

1. Проектот се одвива во определено <u>времетраење</u> на одредена <u>локација</u> и од одредени <u>лица</u> за одредени <u>пари</u>.
2. Се спроведуваат **Активности** кои ќе доведат до **Резултати** кои се мерат со **Индикатори**
3. Резултатите проектни (краткорочни- неколку) даваат долгорочни резултати
4. Потребно е <u>Следење на активностите</u> и <u>Оценување на резултатите</u> преку индикатори на проектот
5. Вклучување и информирање на јавноста (локално население)

# Резултати


Вложувања
Активности
Моментални резултати
Исходи
Влијание


Резултати
Влијание
Исход
Моментални резултати
Вложувања
Активности
Вложувања
Се планира НАДОЛУ
Се спроведува НАГОРЕ

# Примери за кофинансирање

The GEF Small Grants Programme
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Во готовина (со доказ за плаќање):**

- ЕЛС плаќа услуги за градежни работи и/или за реновирање
- Приватни фирми купуваат садници за пошумување, сандаци за пчели, риби...
- Меѓународна институција плаќа трошоци за експертска работа + експерти; опрема
- Приватна фирма набавува опрема (треба да се образложи зошто баш таа фирма)
- ЗГ плаќа месечни трошоци (струја, вода, телефон, ѓубре, греење, потрошен канцелариски материјал...)

# Примери за кофинансирање

**Во неготовина (доказ- договор, испратници...):**

- ЕЛС обезбедува просторија и одржување за ЗГ за време на проектот (договор)
- Приватни фирми обезбедуваат користење на опрема (возило, трактор, копирање, печатење...) (договор и испратници)
- ЈКП обезбедуваат возило и вработен за акција (договор и испратница)
- Индивидуалци и/или Научно-Образовни институции обезбедуваат експертска работа (договор)
- Види табела 12. Листа на неготовински придонеси

# Совети при подготвување на проектот

1. Имајте јасна и реалистична намера за одредена цел. Ќе ви помогне во конструирањето на исходите, моменталните резултати, активностите за вашата намера и цел. (**Види** Точка 26. Индикатори/Рамка на очекувани резултати во Напатствија...)
2. Имајте јасни, мерливи исходи/ моментални резултати. Нивните формулации треба да се во облик на достигнувања прикажани преку индикатори. (**Види** 20.20. Рамка на очекувани резултати во Централна област Хемикалии)

# Совети при подготвување на проектот

3. Дефинирајте ги активностите за секој моментален резултат/ исход. Активностите треба да доведат до моментални резултати. Неколку моментални резултати треба да доведат до исход. Исходите доведуваат до Влијание. (**Види слајд 3** Вложувања – Активности – Моментални Резултати – Исходи – Влијание)
4. Имајте детално реалистично спроведување, со работен план за активностите (**Види** Напатствија...)

# Совети при подготвување на проектот

5. Наведете јасен план за Следење и Оценување (Види Точка 20.9 Работен План на Проектот со Распоред за Следење/ Monitoring) со користење на индикатори за докажување на резултатите.

6. Одредете јасна целна група и, следствено, одредете пристап кој ќе биде разбран од таа целна група.

7. Обезбедете јасен Буџет. Која активност колку ќе чини (луѓе и средства за одредено време за колку пари; КОЈ ќе вложи и со КОЛКАВ ИЗНОС и КОГА за време на спроведување на проектот = во ГОТОВИНА и НЕГОТОВИНСКИ; обезбедете документи за потврдување и за докажување) (Види Точка 20.8 Буџет на Проектот)

# Совети при подготвување на проектот

8. Идентификувајте ги можните ризици и како ќе се справите со нив (надворешни кои не зависат од вас и внатрешни кои зависат од вас, како и взаемните ризици. Колку повеќе партнери толку поголем очекуван ризик)
9. Спроведувачите на проектот треба да имаат експертиза, искуство и способност.
10. Објаснете ја ситуацијата од претходните проекти и нивните резултати (позитивни и/или негативни), доколку ги имало.
11. Објаснете ја дополнителноста кон и координацијата со сегашните проекти во односниот регион, доколку ги има.

# Совети при подготвување на проектот

12. Проверете дали сте ја пополниле Точка 23. Прилози - Контролна листа за сите Прилози кои се СОСТАВЕН дел од Предлог Проектот); односно дали ги имате сите потребни и валидни детално опишани документи, особено договори за кофинансирање, за соработка, за отстапување простор, локација, објект, итн. од институции и/или од Индивидуалци.)

# Совети при подготвување на проектот

13. Немојте да сте преголеми оптимисти во тоа што можете да го постигнете. Немојте да бидете мегаломански настроени. Проектите не треба да се листи на желби: сакаме ова и ова, ама сакаме и тоа и тоа потаму. Размислувајте: дали и кому е тоа потребно? Кој, како и кога треба да го направи? Што ќе се постигне и како ќе се измери (пред проектот и после проектот)?

# Совети при подготвување на проектот

14. Започнете со пишување порано одошто планирате да започнете.

**Барем 7 дена порано...**